Врз основа на член 104 од Законот за високото образование и член 246 од Статутот на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, по предлог на Наставно-научниот совет, Универзитетскиот сенат на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, на 20. седница одржана на 26.3.2018 година, ја донесе следнава

# О Д Л У К А

## за усвојување на Проектот за измени и дополнувања на студиската програма Компјутерски науки и инженерство, од трет циклус студии, предлагач и организатор: Факултет за информатички науки и компјутерско инженерство - Скопје

**Член 1**

Универзитетскиот сенат го усвојува Проектот за измени и дополнувања на студиската програма Компјутерски науки и инженерство, од трет циклус студии, предлагач и организатор: Факултет за информатички науки и компјутерско инженерство - Скопје.

**Член 2**

Универзитетскиот сенат го упатува Проектот од член 1 на оваа Одлука до Одборот за акредитација и евалуација на високото образование на натамошна постапка за акредитација. Проектот, во печатена и во електронска форма, до Одборот за акредитација и евалуација на високото образование се доставува од страна на единицата на Универзитетот - предлагач и организатор на студиската програма.

**Член 3**

Оваа Одлука стапува во сила со нејзиното донесување и ќе се објави во *Универзитетски гласник*.

**Р е к т о р**
**Проф. д-р Никола Јанкуловски, с.р.**

---

Врз основа на член 52, став 1, алинеја 23 од Законот за високото образование (Службен весник на Република Македонија бр. 35/2008, 103/2008, 26/2009, 83/2009, 99/2009, 115/2010, 17/2011, 51/2011, 123/2012, 15/2013, 24/2013, 41/2014, 116/2014, 130/2014, 10/2015, 20/2015, 98/2015, 145/2015, 154/2015, 30/2016/, 127/2016) и член 235 од Статутот на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје (Универзитетски гласник бр. 251 од 24 јули 2013 година), Универзитетскиот сенат, на 20. седница одржана на 26.3.2018 година, утврди

# П р а в и л н и к

## за измени и дополнувања на Правилникот за условите, критериумите и правилата за запишување и студирање на трет циклус - докторски студии на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје

**Член 1**

Во Правилникот за условите, критериумите и правилата за запишување и студирање на трет циклус - докторски студии на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје (Универзитетски гласник бр. 245/2013), во член 39, став 1, бројот „6" се заменува со бројот „8".

**Член 2**

Студентот може од оправдани причини од советот на студиската програма да побара продолжување на рокот утврден во член 1 од овој Правилник за уште една година, за што одлучува советот.

**Член 3**

Одредбите од членовите 1 и 2 од овој Правилник се применуваат и за студентите запишани на трет циклус студии - докторски студии пред влегувањето во сила на овој Правилник.

**Член 4**

Овој Правилник стапува во сила со денот на неговото објавување во *Универзитетски гласник*.

**Р е к т о р**
**Проф. д-р Никола Јанкуловски, с.р.**